View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

UDK 355/359 CODEN SMOOAM ISSN 1409-8199

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

MINISTRY OF DEFENCE
REPUBLIC OF MACEDONIA

CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Vol. 15, Number 29, 2015

29

VOL. XV
SKOPJE
DECEMBER 2015



| СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА / CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE | Год. / Vol. | Број / No | Стр. / pp | Скопје / Skopje |
|---|---|---|---|---|
| | 15 | 29 | 1-146 | 2015 |

МИНИСТЕРСВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА
# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

ISSN 1409-8199
*e*-ISSN 1857-887X

Година 15, бр. 29, декември 2015 / Vol. 15, No. 29, December 2015

Skopje
December 2015

MINISTRY OF DEFENCE
REPUBLIC OF MACEDONIA

CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Vol. 15, Number 29, 2015

EBSCO HOST

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Министерство за одбрана
„СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
„Орце Николов“ 116 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276, 02 3113 527
Интернет адреса:
WEB на Министерството за одбрана:
http://www.morm.gov.mk/sovremena-makedonska-odbrana/
Списанието излегува два пати годишно.
ISSN 1409-8199
Скопје, декември 2015 година

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Publisher:
**MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

Ministry of Defence
„CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE"
„Orce Nikolov" 116 1000 Skopje
Tel.: 02 3128 276, 02 3113 527
Internet adress:
WEB of the Ministry of Defence:
www.morm.gov.mk/contemporary-macedonian-defence/
The magazine is published twice a year

ISSN 1409-8199
Skopje, December, 2015

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ НА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Д-р *Зоран* ЈОЛЕВСКИ, ***претседател на Издавачкиот совет***
Доц. д-р *Александар* ГЛАВИНОВ, полковник, ***главен и одговорен уредник***
Проф. д-р *Мухамет* РАЦАЈ, генерал мајор, ***заменик-главен и одговорен уредник***

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
Проф. д-р *Орце* ПОПОВСКИ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Томе* БАТКОВСКИ, *Факултет за безбедност, Скопје*
Проф. д-р *Биљана* ВАНКОВСКА, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Методи* ХАЏИ-ЈАНЕВ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Цане* МОЈАНОСКИ, *Факултет за безбедност, Скопје*
Доц. д-р *Ненад* ТАНЕСКИ, *потполковник, Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Жанет* РИСТОСКА, *Министерство за одбрана на РМ*
Д-р *Урим* ВЕЈСЕЛИ, *Центар за управување со кризи*

***МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
Проф. д-р *Лидија* ГЕОРГИЕВА, Република Македонија, ***претседател***
Проф. д-р *Арта* МУСАРАЈ, Република Албанија
Проф. д-р *Николај* ПАЛАШЕВ, Република Бугарија
Проф. д-р *Бејтуш* ГАШИ, Република Косово
Проф. д-р *Зоран* ДРАГИШИЌ, Република Србија
Доц. д-р *Абас* ЛЕШИ, бригаден генерал, Република Албанија
Доц. д-р *Ерик* КОПАЧ, Република Словенија
М-р *Лоренцо* ХИПОНИА, САД
Доц. д-р *Ирена* ЧУДОСКА БЛАЖЕВСКА, Република Македонија

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
Проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Доц. д-р *Билјана* КАРОВСКА АНДОНОВСКА, *ФОН Универзитет*
Проф. д-р *Ризван* СУЛЕЈМАНИ, *Државен универзитет – Тетово*
Проф. д-р *Тони* МИЛЕСКИ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Оливер* БАКРЕСКИ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Драге* ПЕТРЕСКИ, полковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Ненад* ТАНЕСКИ, потполковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Александар* ГЛАВИНОВ, полковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Димче* ПЕТРОВСКИ, генерал-мајор, *ГШ на АРМ*
Доц. д-р *Атанас* КОЗАРЕВ, *ЕУРМ, Скопје*
Доц. д-р *Жанет* РИСТОСКА, *Министерство за одбрана на РМ*
Проф. д-р *Методија* ДОЈЧИНОВСКИ, полковник, *Воена академија, Скопје*

**В.Д. секретар и лектура:** *доц. д-р Жанет* РИСТОСКА
**Технички уредник:** *Билјана* ИВАНОВА
**Компјутерска подготовка:** *Александар* АТАНАСОВ

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL OF
THE MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Dr. *Zoran* JOLEVSKI, ***President of the Publishing Board***
Doc. Dr. *Aleksandar* GLAVINOV, Colonel, ***Editor-in-Chief***
Prof. Dr. *Muhamet* RACAJ, Major General, ***Deputy Editor-in-Chief***

***PUBLISHING BOARD***
Prof. Dr. *Orce* POPOVSKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Rose* SMILESKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Tome* BATKOVSKI, *Faculty for Security, Skopje*
Prof. Dr. *Biljana* VANKOVSKA, Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje
Prof. Dr. *Metodi* HADZI-JANEV, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Cane* MOJANOSKI, *Faculty for Security, Skopje*
Doc. Dr. *Nenad* TANESKI, *Lieutenant Colonel, Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Zhanet* RISTOSKA, *Ministry Of Defence of RM*
Dr. *Urim* VEJSELI, *Crisis Management Center, Skopje*

***INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD***
Prof. Dr. *Lidija* GEORGIEVA, Republic of Macedonia, ***President***
Prof. Dr. *Arta* MUSARAJ, Republic of Albania
Prof. Dr. *Nikolaj* PALASHEV, Republic of Bulgaria
Prof. Dr. *Bejtush* GASHI, Republic of Kosovo
Prof. Dr. *Zoran* DRAGISHIC, Republic of Serbia
Doc. Dr. *Abaz* LLESHI, Brigadier General, Republic of Albania
Doc. Dr. *Erik* KOPAČ, Republic of Slovenia
MA *Lorenco* HIPONIA, USA
Doc. Dr. *Irena* CHUDOSKA BLAZHEVSKA, Republic of Macedonia

***EDITORIAL BOARD***
Prof. Dr. *Zoran* NACEV, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Doc. Dr. *Biljana* KAROVSKA ANDONOVSKA, *FON University*
Prof. Dr. *Rizvan* SULEJMANIU, *State University of Tetovo*
Prof. Dr. *Toni* MILESKI, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Prof. Dr. *Oliver* BAKRESKI, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Prof. Dr. *Drage* PETRESKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Nenad* TANESKI, Lieutenant Colonel, *Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Aleksandar* GLAVINOV, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Doc. Dr. *Dimche* PETROVSKI, Major-General, *GS of the ARM*
Doc. Dr. *Atanas* KOZAREV, *EURM, Skopje*
Doc. Dr. *Zhanet* RISTOSKA, *Ministry Of Defence of RM*
Prof. Dr. *Metodija* DOJCHINOVSKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*

**Acting Secretary:** Doc. Dr. *Zhanet* RISTOSKA
**Graphic Designer & Editor:** *Biljana* IVANOVA
**Technical Editor:** *Aleksandar* ATANASOV
**Proofreading and Editing:** MA *Elena* TRAJANOVSKA

# СОДРЖИНА:

Вања РОКВИЌ, Зоран ЈЕФТИЌ
**ТРОЈСТВОТО НА ЦИВИЛНО-ВОЕНИТЕ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА: ДЕМОКРАТСКА КОНТРОЛА, ЕФИКАСНОСТ И ЕФЕКТИВНОСТ НА СРПСКИТЕ ВООРУЖЕНИ СИЛИ** ......................... 9

Фердинанд ОЏАКОВ, Зоран ИВАНОВ
**ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ НАСПРОТИ ТРОШОЦИ ИМПЛИЦИРАНИ ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ** ..............................25

М-р Борче ЧАМИНСКИ, Д-р Ненад ТАНЕСКИ
**ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ ВО ГЕОПОЛИТИКАТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ РЕСУРСИ, РИЗИЦИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........................................................................ 39

Александар ГЛАВИНОВ, Јован СТАНИКЕВСКИ
**НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА** .................................. 47

Оливер БАКРЕСКИ, Драган ТРИВАН
**НАЦИОНАЛНИТЕ ИНТЕРЕСИ И НИВНА ЗАШТИТА** .............................57

Зорица САЛТИРОВСКА, Сунчица ДИМИТРИЈОСКА
**РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..........................................................69

Оливера ИЊАЦ, Методија ДОЈЧИНОВСКИ
**СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И ПРОПАГАНДА-ТРЕНДОВИ, МОДЕЛИ И ДИМЕНЗИИ** ........................................................................ 83

Кристина РАДОЈЕВИЌ, Александра ЉУШТИНА
**УЛОГАТА НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА ВО ЗАШТИТАТА НА СНПП-МРЕЖИТЕ** ........................................................................ 95

Вида ПОПОВСКА КОЧИШКА
**ФОРМИРАЊЕ НА СУД ЗА ВОЕНИ ЗЛОСТОРСТВА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КОСОВО: МЕХАНИЗАМ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИСКА ПРАВДА?** ..........................................................105

Златко КУЗМАНОВ
**ОБУКА И УСОВРШУВАЊЕ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ПО ПАТ НА АНКЕТА СО ПРАШАЛНИК-** ....................................................117

Мирјана МАНЕВСКА, Стоимен СТОИЛОВ
**УЛОГАТА НА ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА ВО БОРБА ПРОТИВ САЈБЕР-ТЕРОРИЗМОТ НИЗ ПРИЗМАТА НА СОРАБОТКА СО ЗЕМЈАТА ВО КОЈА СЕ АКРЕДИТИРАНИ** .....................127

Валентина БЛАЖЕВСКА АНДОНОВСКА, Мухамет РАЦАЈ
**ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПРОЦЕСИТЕ И ЗАКАНИТЕ КОИ ГИ НАМЕТНУВА** ........................................................................141

327–027.511(100)
Review

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПРОЦЕСИТЕ И ЗАКАНИТЕ КОИ ГИ НАМЕТНУВА

**Валентина БЛАЖЕВСКА АНДОНОВСКА**[1]
**Мухамет РАЦАЈ**[2]

**Апстракт:** *Трудот се фокусира на поимот на глобализацијата и нејзините позитивни и негативни импликации врз современите економски, политички и безбедносни процеси.*
*Во светот со крајот на Студената војна започнати се бројни позитивни процеси, но не е изнајден начинот за надминување на конфликтите и употребата на сила во разрешувањето на меѓудржавните и меѓуетничките спротивставености.*
*Промените на меѓународните односи кои имаат корени од пред почетокот на Првата светска војна, па со продолжување до крајот на Втората светска војна и биполарната поделба на светот, и крајот на биполарноста и создавањето на т.н. Нов светски поредок - доведоа до битни внатрешни промени во државите од Источниот блок, а во Западна Европа дојде до зајакнување на интеграциските процеси. За целиот овој период се редефинираа функциите на клучните светски организации, почнувајќи од ООН, НАТО, ЕУ, ОБСЕ, Советот на Европа.*
*Проблемите од типот на ширење на оружјето за масовно уништување, терористичките и асиметричните закани, перењето пари, организираниот криминал се здобија со глобални димензи, а сето ова бара нови начини за справување со истите и развивање на глобална безбедносна соработка во рамките на безбедносните системи на државите. Меѓународната безбедност се заснова на договорена соработка и обезбедена согласност на безбедносните структури на државите со цел да се елиминираат сите видови безбедносни закани, со кои би се соочиле државите.*
*Иднината на помалите држави неминовно бара приклучување во процесот на глобализација и вклучување во глобални меѓународни системи, со цел да се загарантира опстанокот.*

**Клучни зборови:** *глобализација, безбедност, колективни системи, организиран криминал, перење пари, тероризам*

## Вовед

За да можат да се разберат промените кои настанаа во односите меѓу државите и во светската економија како резултат на зголеменото ширење на капиталот и културната размена,

[1] Авторот работи на својата докторска дисертација на Факултетот за безбедност - Скопје
[2] Авторот е генерал на АРМ и доцент на Воената академија “Генерал Михаило Апостолски“ Скопје

треба да се тргне од поимното определување на глобализацијата како процес на поврзување на светот. Глобализацијата се поврзува со ефектот на слободната трговија и либерализацијата на економските односи. Глобализацијата може да се разбере како тренд кој особено се развил после Втората светска војна. Трендот вклучува меѓународно движење на стоки, пари, информации, луѓе, развој на технологија, организации, легални системи и на инфраструктури потребни за тоа движење.

Развојот на глобализацијата можеме да го следиме и во три насоки:

- преку унифицирање на политичкиот систем;
- преку унификација на економскиот систем и
- преку унификација на безбедносниот систем[3].

Трендот на промени на политичките системи на глобално ниво се однесуваат на:

-застапување на демократските процеси;
-почитување на слободата и човековите права;
-принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска;
-повеќепартиски системи и сл.

Унификација на економскиот систем се огледа во надминување на бариерите на меѓународната трговија после Втората светска војна преку спогодби изразени како глобални договори за трговија и тарифи, како и промоција на слободната трговија:

- на стоки: редукција или елиминација на царини, конструкција на слободни трговски зони, без или со сосема мали тарифи на давачки,
- на капитал: редукција или елиминација на контрола на капитал,
- редукција, елиминација или хармонизација на грантови за локални бизниси.

Глобализацијата има свои поддржувачи во застапниците на слободната трговија, кои тврдат дека глобализацијата доведува до поефикасно распоредување на ресурсите, ги вклучува сите држави во трговски бенефиции, а тоа доведува до пониски цени, поголема вработеност и го зголемува производството.

Либералистите гледаат на глобализацијата како на придобивка на демократијата и капиталот, односно политичка и економска слобода на демократијата во развиениот свет, што создава и поголеми материјални богатства.

Глобализацијата е неминовност на која човештвото мора да се покори, таа не е судбина, туку таа, може да се обликува. Првата теза е поврзана со поголемата внатрешна испреплетеност и меѓузависност со тековите на идентитетот на социјалните мрежи која ги поминува границите, сите текови на комуникациските медиуми, животните патишта, луѓето разбираат повеќе јазици како резултат на влијанието на телевизијата, интернетот и сл. Внатрешната политика станува космополитска со создавањето на густа мрежа на наднационална зависност.

Движењето на капиталот и откривањето на нови пазари, од причина што апетитот на капиталот е ненаситен, и е во постојана потрага како на пласман, така и на пронаоѓање на евтини ресурси за поголема конкурентност, затоа што трката по профит е немилосрдна. Загубата на поединци е минорна, се жртвуваат за поголеми интереси, а во интерес на капиталот се губат и држави за повисоки цели и интереси. Имено, жртвите за повисоки интереси се сметаат за колатерална штета. При глобални интереси не се јасни новите потези, играта зависи од новите цели и сфери на интерес што се наметнуваат. Однапред не се дефинирани стратегиите, туку се градат зависно од околностите. Нема правила на „фер-плеј“ игра, тука има голема улога политиката, која е во состојба да ги премачка настаните во светли бои, иако реалноста може да биде и мрачна. Крајниот епилог, доколку политиката не може да ја одигра улогата и

[3] Гоцевски Т. Глобализацијата, мирот и безбедноста, Скопје 2008. стр.13-25

да покаже розова слика, е употребата на сила, која наметнува демократија, создава борци за човекови права кои подоцна повторно преку политика ќе седнат на преговарачка маса и ќе ја надминат кризата, односно ќе се задоволат првично поставените интереси. Неминовен факт кој води до заклучок е дека со глобализацијата богатите стануваат побогати и помалубројни, а сиромашните посиромашни и побројни, а миграцијата кон побогатите е еден од најсериозните конфликти од аспект на глобализацијата. Нерамномерното распоредување на богатството ќе биде извор на конфликти и закани за светската безбедност а од друга стана заканите од тероризам ќе бидат „алатка“ за урамнотежување на придобивките од глобализацијата.

## Глобализацијата и одржувањето на мирот и безбедноста

Земјите како Германија, Франција, Италија, Норвешка, Португалија и на нив слични, не се засебна целина во рамките на внатрешната моќ на државата. Нивната тенденција во ерата на глобализацијата е во создавање на заеднички интереси на глобален план и градење на силна Европа, која ќе биде конкурентна по сила и моќ на САД, Кина, Русија. Појавата на наднационален интерес е насочена кон заедницата -Европа.[4]

Отворањето, т.е. затворањето на нивните граници е во делот на политиката на делување и делување на наднационалното, во делот на градење на светска внатрешна политика. Се губи ренесансната граница на внатрешната политика и се гради заедничка европска стратегија, во делот на економијата, финансиите, безбедноста и се создаваат внатрешни вредности и заеднички интереси. Глобализацијата е фактор кој носи нови поделби и конфликти, но во исто време таа е фактор за мир и стабилност.[5]

Глобализацијата како фактор за мир и стабилност ја наметнува и тезата дека не можат сите конфликти да се надминуваат со употреба на воена сила, односно се наметнува потребата од изнаоѓање на поинаков но секако тоа да биде адекватен одговор на транснационалните и глобалните опасности. Мултилатералниот пристап како одговор на безбедносните закани денес и во иднина го дава клучот на решението во афирмација на позитивните аспекти на глобализацијата. Во Повелбата на ОН одржувањето на мирот и безбедноста е аспект на глобално управување. Државите мораат да сфатат дека одржувањето на мирот и безбедноста е во интерес на сите, а сите мораат да се залагаат за светски мир и да даваат придонес во реализацијата на начелата на светскиот поредок.

Силите за одржување на мирот станаа дел од структурата на глобалното управување. Силите за одржување на мирот на ОН се насочени кон создавање на универзална меѓународна организација во чии рамки е можна искрена соработка на државите. Имено, силите на ОН можат да се дефинираат како претставници кои не се заинтересирани за исходот на спорот или како неутрални и непристрасни учесниците во него. Силите на ОН своите активности ги насочуваат преку превентивна дипло-

[4] Н’геир Вудс, Моќ, Власт и глобално управување, Скопје 2010 стр.27-51

[5] З.Нацев –Глобализација мир и безбедност,Скопје 2008, стр.27-31

матија, создавање на мир и враќање на состојбата пред избувнување на конфликтот, зачувување на мирот, создавање и градење мир.

Од ОН не може да се очекува да бидат центар за стратегиско следење на сите опасности во светот. Станува збор за воена сила која се става на услуга на ОН кога ќе се побара употреба на мировници и главно нема време за посебни подготовки. Со вклучување на политиката во донесување на одлуки за активностите на силите на ОН, дури и меѓу сојузниците, што не е корисно им се помага на загрозувачите на светскиот мир и безбедност.

Сила на глобализацијата која се залага за одржување на светскиот мир и безбедност со широка димензија е НАТО, кој е значаен инструмент на воено-политичко делување на Западна Европа. Неговата димензија е градење на системи за колективна одбрана на државите членки преку одбивање на агресија и заедничка помош на нападнатата страна. Од 90-тите години НАТО се насочи, освен во одбранбените, и кон други димензии на безбедноста, економска, демографска, еколошка и др., не само кон своите членки туку и кон пошироките европски и меѓународни системи. Активностите на НАТО се насочени кон обезбедување на слобода на движење, неповредливост на границите, да превенира конфликти, да промовира мирно решавање на споровите, како и да дава поддршка во мировните операции.[6]

ОБСЕ е најголема регионална безбедносна организација во светот. ОБСЕ е значаен инструмент за избегнување на конфликти, рано предупредување и превенција, за контрола на конфликтите кои можат да резултираат со насилство и за реконструкција на државите растргнати со насилство, односно нивна постконфликтна рехабилитација. ОБСЕ се ангажира и за контрола на вооружувањето, соработка во областа на економијата и заштита на животната средина, супервизија за заштита на човековите права и како набљудувач при организирање на избори.

Силите на ЕУ претставуваат цивилна сила со ограничена надлежност во областа на безбедноста и одбраната. Во принцип ЕУ е насочена кон економски прашања, а нивната безбедносна  политика во насока на: заштита на надворешните вредности, основни интереси, јакнење на безбедноста на Унијата и на државите членки, унапредување на меѓународната соработка, јакнење на демократијата и на правната држава, почитување на човековите права и слободи. Капацитетите на Европската безбедносна и одбранбена политика почнале да се развиваат од 1999 година во три компоненти: воено менаџирање со кризи, цивилно управување со кризите и превенција на конфликтите. Европската безбедносна стратегија ги идентификувала заканите по безбедноста како што се: тероризмот, пролиферување на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, регионалните конфликти и распаѓањето на државите кои можат да предизвикаат регионална нестабилност.

[6] Мајкл Пју, Управување со глобализацијата,Скопје 2010 стр.240-271

## Глобализацијата и некои современи безбедносни закани

Во светот со крајот на Студената војна започнати се бројни позитивни процеси, но не е изнајден начинот за надминување на конфликтите и употребата на сила во разрешувањето на меѓудржавните и меѓуетничките спротивставености. Трендот на промени кои неминовно се наметнаа во 70-тите години на минатиот век кога настана златното време на глобализацијата, наметна потреба од промени во безбедносните системи. Имено, глобалните закани како што се тероризам, транснационалниот организираниот криминал, корупцијата, перењето пари, распаѓањето на државите, локалните конфликти и сл. наметнува и потреба од изградување на заедничка стратегија на одговор на државите од „глобалното село“.

Ќе разгледаме некои од овие закани поврзани со глобализацијата.

## Глобализацијата и транснационалниот организиран криминал

Поимот транснационален организиран криминал[7] треба да се разликува од интернационален (мултинационален) организиран криминал и од глобален организиран криминал. Под транснационален организиран криминал се подразбираат криминални групи  кои имаат организатор  во една држава, но поради обемот на криминалната активност делуваат во други држави. Мултинационалниот организиран криминал подразбира здружени криминални групи од поедини држави, така што нивното делување се одвива во поголем број држави. Додека глобалниот организиран криминал ги подразбира сите појавни облици на групите на организираниот криминал во светот.[8] Во принцип, сите поими се само варијации на еден ист поим, имено, организираниот криминал сè повеќе делува надвор од границите на една држава. Бошковиќ вели: „криминалот може да биде меѓународен, но не мора да биде организиран, за да биде организиран мора да ги има составните елементи на организираниот, а со тоа и на  тренснационален организиран криминал“.

Според Конвенцијата, елементи на тренснационален организиран криминал се:[9]

-дејства на организирани криминални групи во повеќе држави;

-делување во една држава, но подготовките, планирањето, раководењето или контролата се спроведува во друга;

-дејствување во една држава, но во неа е вклучена група за организиран криминал, која делува  во повеќе држави;

-делување во една држава, но последиците настанале во некоја друга држава.[10]

---

[7] Овој термин е прифатен и на Конвенцијата за транснационален организиран криминал на ООН, Палермо 2000

[8] Б.Петрови М.Бошковиќ- Тренснационален организиран криминал, полициска академија Београд, 2003г., стр.43

[9] М.Бошковиќ- Тренснационален организиран криминал, полициска академија Београд, 2003г., стр.43

[10] Конвенцијата за транснационален организиран криминал на ООН, Палермо 2000

Денес, во услови на глобализација, организираниот криминал се поврзува со транснационалната димензија од причина што криминалните групи кои вршат трговија со дрога, оружје, органи, еколошки криминал, трговија со луѓе и сл. транспортот го вршат во повеќе држави, за илегалните пазари, а криминалниот профит го кријат во трети држави, со цел да избегнат оданочувања.[11]

Големите криминални организации од овој тип се закана за државите, особено малите и слаби држави во транзиција. Исто така, на удар се и корумпираните држави каде организираниот криминал ги искористил слабостите на институциите, заробувајќи ја државата, а особено добра почва се диктаторските режими.

## Глобализацијата и перењето пари

Глобализацијата е плодна почва на релативно новите исцрпувања на државниот капитал и загрозувања на економиите на државите преку перењето на пари. Иако терминолошки е нова категорија, се појавува кон крајот на минатиот век и остава пустош во транзицискиот период на слабите економии.

Перењето пари е процес на разновидни тактики за пласирање, прикривање и интеграција на нелегално стекнатите финансии за нивно интегрирање во легални бизниси, при што трагата на нелегалните бизниси се губи, за што многу се погодни светските и националните финансиски системи. [12]

Врската помеѓу организираниот криминал, перењето пари и корупцијата не може да се раздвои. Без корупција, која е водилка и на организираниот криминал и на перењето пари, е незамисливо и не можат без неа да функционира. [13]Во последниве десетина години, сфаќајќи ја опасноста од ова зло, глобалната заедница почна да реагира со изнаоѓање на механизми за запирање на ова зло кое задира во нејзините темели. Како резултат на тоа донесени се бројни конвенции, декларации, препораки, протоколи и директиви од релевантни меѓународни организации и тела, кои станаа обврзувачки во регулативите на националните правни системи.

Но за разлика од државите кои внесуваат регулативи, постојат држави т.н. „црни дупки", како што се: Британските Девствени Острови, Кајмаканските Острови, Карибите, Панама, Кипар, Малта, Швајцарија, Линхенштајн, Исланд, итн. Под максимата за заштита на тајноста на штедните влогови на нивните банки, создаваат простор за пералниците на пари да внесат влогови и со амин на меѓународната заедница прикриваат корумпирани функционери, на кои им е дозволено со туѓо име и на туѓа сметка да отворат банкарски сметки.

Се поставува прашањето зошто е тоа така? Одговорот е во интересот на големите сили, да ги „држат во свои раце" најкрупните криминалци, а преку тоа да ги исцрпуваат природните богатства од домицилните земји, или пак полесно да си ги остварат зацртаните цели кога ќе им се појави потреба.

[11] М.Лабовиќ/М.Николовски, Организиран криминал и корупција, Скопје 2010

[12] М.Котовчевски, Глобализацијата мирот и безбедноста, Скопје 2008 стр.96-97

[13] М.Лабовиќ/М.Николовски, Организиран криминал и корупција, Скопје 2010 стр.138-153

## Глобализацијата и тероризмот

Во светот на глобализацијата не е сè розово. Глобализацијата донесе и нов глобален сектор кој го нарушува светскиот мир и не им дава комодитет на силните во однос на послабите. Тоа се терористичките здруженија.

Со силата на ужасот од 11 септември 2001 година, глобализацијата и масмедиумите од Њујорк и Вашингтон, со еден удар ги етаблира терористите во конкуренција со државите. Така терористите постанаа „невладина организација на насилство" и делуваат како организации на цивилното општество детерминирани и децентрализирани од една страна локално, а од друга наднационално. Тоа би можело да значи, еден вид наднационална антитерористичка фикција, фиксирана на исламскиот тероризам, што може да се поврзе со сите можни цели, идеологија и фундамент. Од друга страна треба да се разликува теророт - територијално и наднационално, ослободително движење од новите наднационални ослободителни движења од наднационални ослободителни мрежи, кои делуваат надтериторјално, без разлика на границите, па со тоа со еден удар се обезбедуваат наднационалните правила на војската и војната. Ако до скоро погледите на војската биле насочени кон другите воени организации и другите национални држави, сега гледиштето на војската е насочено кон наднационалната загрозеност која задира и во загрозеноста на останатите држави.

Од историска дистанца, има голема разлика во реализацијата на терористичките акции:

-терористите претходно се обидувале акцијата да ја спроведат заштитувајќи го сопствениот живот, но тие сега се впуштаат во самоубиствени акции не поштедувајќи го ниту сопствениот живот, само што поуспешно да ја остварат поставената цел;

-една од целите, секако е да предизвикаат страв и паника кај населението, д а создадат чувство на несигурност и неизвесност, да ја маргинализираат улогата на безбедносниот систем на државата, со жртвување на што поголем број животи, не поштедувајќи ниту деца, старци, жени, а невиноста на жртвите воопшто не е тема на дискусија. Се цени колку жртвите се во поголем број, толку со поголема успешност е реализирана задачата;

- друга карактеристика на денешниот тероризам е неговата отвореност за комуникација кон медиумите, односно акциите кои се поставуваат како цели за реализација бараат да се потврдат и бесрамно се презема одговорноста за извршената акција или пред докажувањето за причината за несреќата, јавно се превзема одговорноста. [14]

Релацијата на терористите е во посебен сооднос „злосторство - признание - самоуништување". Факт е дека тероризмот добива меѓународен предзнак. Тој станува глобален проблем што не признава државни граници и ги загрозува меѓународните односи, а терористите секојпат прибегнуваат кон што поголеми човечки и материјални штети со цел да ја загрозат меѓународната безбедност. Како одговор на овие закани

[14] М.Лабовиќ/М.Николовски, Организиран криминал и корупција, Скопје 2010

глобално светот дава одговор на терористите со бројни мерки и инструменти како конвенции, резолуции, препораки, договори и сл., со цел да ја сузбие оваа крајно негативна појава, а мерките да бидат прифатени од сите земји. После настаните од 11 септември 2001 година, со објавувањето на војна на терористите, САД добија свои поддржувачи и свои противници. Претходната поделеност на рамнотежа на силите меѓу Европа, САД и Русија почна да не важи. Сега сите тие меѓусебни конкуренти станаа сојузници во заедничка борба за одржување на светскиот мир. Во борбата со терористите, доволно е САД да посочи држава дека е закана од тероризам и добива поддршката за воена интервенција. Но тука е вечната енигма, кога се тие терористи, а кога се борци за човекови права. Меѓународната јавност изрази солидарност со САД и се заложи за заедничка соработка и активност за негово сузбивање. ОН изреагираа со резолуција бр.1373 за потребата за сузбивање на тероризмот и создавање на Противтерористички комитет. Во центарот на своите активности се јави борбата против тероризмот на ОН, НАТО, ЕУ и ОАД. Нестабилноста на некои подрачја и конфликтите создаваат погодна почва за терористички активности. Само со силна и единствена акција може да се организира постојана и глобална војна против глобалното зло - тероризмот.

**Заклучок**

Крајот на Втората светска војна и повоената рехабилитација на државите и новите регулаторни форми на регионално и глобално управување, особено после крајот на Студената војна, создадоа силен развој на светскиот поредок. Почетокот на дваесет и првиот век се карактеризира со глобални промени кои дадоа свој позитивен придонес во развојот на глобалното општество. Позитивните придобивки од Новиот светски поредок наречен глобализација, создадоа олеснување на човештвото во смисла на поголема мобилност на населението, развој на комуникациите, се отворија границите на државите, се живее локално а се размислува глобално. Заедничките проблеми на државите се решаваат во корелација со засегнатите страни.

Глобализацијата е просторен феномен, кој започнува во континуитет од локално, а се проширува глобално. Глобализацијата преку политичките, регионалните и континенталните граници ги проширува политичките, економските и социјалните можности. Таа е двигател на трговијата, странските инвестиции, културата и сл., ја забрзува идејата за ширење на информации, капитал и луѓе.

Идејата за нација-држава сè повеќе почнува да бледнее. Нацијата почнува да владее со повеќе светски јазици, затвореноста почна да значи заостанување од светските текови, а се појавува нова форма на космополитска реалност. Почнува да се развива тезата за универзална припадност и слобода на „царството на разумот“, за што многу придонесоа глобалните системи за комуникација. Разбирањето и градењето на универзални стандарди кои се вградени во современото регионално и глобално право за почитување на човековите права и слободи, во суштина упатува на тоа дека сите човечки суштества заслужуваат еднаква почит и грижа.

Меѓународната безбедност се заснова на договорена соработка и обезбедена согласност на безбедносните структури на државите со цел да се елиминираат сите видови

безбедносни закани, со кои би се соочиле државите. Градењето на заеднички стандарди за демократизација на општествата наметна и заедничко делување во рамките на колективните системи за одбрана и безбедност преку градење на заеднички стандарди на обученост и опременост. Коментарот е особено актуелен за малите држави, како што е нашата, односно важноста на нашето вклучување во колективните системи не е декларативна туку суштинска. Можноста за одговор на глобалните закани во време на глобализација е со сила да се одговори со сила за да може да функционира глобалниот поредок, односно само со здружување на противниците може да дојде до напредување на глобализацијата.

## ЛИТЕРАТУРА

Adam B. Reflexive Modernization Temporized, Cambridge, Polity Press, 2002.

Berdal M. United Nations peacekeeping in the Former Yugoslavia in D. C.F.Daniel and B.Hayes(eds), Beyond Tradicional Pacekeeping Basingstoke>Macmillan.

Buzan B., People, States and Fear; An Agenda for International security studies in the Post Cold War Era (second edition), Lyne Riener Publishers , Boulder, Colorado, 1991

Vidojevic Z.,Kuda vodi globalizacija, JP,FIlip Visnjic-Institut drustvennih nauka, Beograd,2005.

Гоцевски Т.,Бакревски О.,Славевски С. ЕУ низ призмата на европската безбедност, Филозофски факултет, Скопје 2010.

Група автори-Глобализација мир и безбедност, Современа македонска одбрана, вонреден број, Скопје 2008.

Дејвид Х. и Ентони М., Моќ, власт и глобално управување, Управување со глобализацијата, Скопје, 2010.

М.Лабовиќ/М.Николовски,Организиран Криминал и корупција, Скопје 2010

Мајкл Пју-Одржување на мирот и безбедноста, Скопје 2010.

М.Бошковиќ,Транснационален организиран криминал, Полициска академија Београд, 2003г

Оџаков ф.,,Тероризмот и организираниот криминал, Соларис, Скопје, 2010.

Penttinen E. Capitalism as System of Global Power, 2000.

Петровиќ Б./Г.Мешко –Криминологија, правен факултет Сараево 2004

Hiffman,B. Inside Terrorism, New York, Columbia University, 1998

Ulrish Beck, Mach und Gegenmacht im Globalen Zeitalter, Neue Verlag , Frankfurt am Main, 2002.

Nussbaum, M.C. Patriotism and cosmopolitism, Cohen,1996

Н'геир Вудс. Моќ, власт и глобално управување, Скопје 2010

Urlich B., Moc protiv moci u doba globalizacije , Zagreb 2004